**1502.**

Врз основа на член 158-ѕ точка 1 и член 122 став (1) точка 4) од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09, 67/10 и 44/11, 112/11, 7/12, 30/12, 45/12, 60/12, 64/12, 23/13, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18 и 198/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19 и 31/20), Советот на Експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 14.4.2020 година донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА МЕТОДОТ ЗА ВРЕДНУВАЊЕ НА СТАВКИТЕ ОД БИЛАНСОТ НА СОСТОЈБА И ИЗГОТВУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИТЕ БИЛАНСИ

Член 1

Во Правилникот за методот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси ("Службен весник на Република Македонија" бр. 169/2010, 141/2013 и 61/2016), во член 7 ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:

„(1) Друштвата за осигурување се должни да извршат класификација на побарувањата во следните категории во зависност од времето на доцнење во исполнување на обврските од страна на должникот, сметано од денот на доспевање на побарувањето:

1) Категорија А - Побарувања од должници кои своите обврски спрема друштвото не ги исполниле на датумот на доспевање на побарувањето и истото не го сториле во период до 90 дена од денот на доспевање на побарувањето;

2) Категорија Б - Побарувања од должници кои своите обврски спрема друштвото не ги исполниле во период од 91 до 120 дена од денот на доспевање на побарувањето;

3) Категорија В - Побарувања од должници кои своите обврски спрема друштвото не ги исполниле во период од 121 до 180 дена од денот на доспевање на побарувањето

4) Категорија Г - Побарувања од должници кои своите обврски спрема друштвото не ги исполниле во период од 181 до 330 дена од денот на доспевање на побарувањето и

5) Категорија Д - Побарувања од должници кои своите обврски спрема друштвото не ги исполниле во период од 331 до 425 дена од денот на доспевање на побарувањето.

6) Категорија Ѓ - Побарувања од должници кои своите обврски спрема друштвото не ги исполниле во период подолг од 425 дена од денот на доспевање на побарувањето.

(2) Друштвата за осигурување се должни да утврдат соодветна исправка на вредност – Посебна резерва на побарувањата класифицирани во согласност со став 1 на овој член, на следниот начин:

| Група на побарувања | Период на доцнење во исплата на обврската од страна на должникот | Исправка на вредност (во % од вкупната вредност на поединечно побарување) |
|---|---|---|
| А | до 90 дена | 0% |
| Б | од 91 до 120 дена | 10%-30% |
| В | од 121 до 180 дена | 31%-50% |
| Г | од 181 до 330 дена | 51%-70% |
| Д | од 331 до 425 дена | 71%-90% |
| Ѓ | подолг од 425 дена | 100% |

Член 2

Одредбите од овој правилник ќе се применуваат заклучно со 31.12.2020 година.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија" а ќе започне да се применува при изготвувањето на Извештајот за спроведување на овој правилник со состојба на 30 јуни 2020 година.

Бр. 01-313/1
14 април 2020 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
**Кресте Шајноски, с.р.**

---

**1503.**

Врз основа на членовите 158-ѕ точка 1 и член 74 точка 6) од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09, 67/10 и 44/11, 112/11, 7/12, 30/12, 45/12, 60/12, 64/12, 23/13 , 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18 и 198/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19 и 31/20), Советот на Експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 14.4.2020 година донесе